# Дневна хемеротека за 24.04.2015г.

## МИА - Четири хотели од Охрид први ќе добијат еколошки ознаки

ПЕТОК, 24 АПРИЛ 2015, 10:08:10

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

**Четири хотели од Охрид први ќе добијат еколошки ознаки**

четврток, 23 април 2015 15:45




**Скопје, 23 април 2015 (МИА)** - Светски стандард, поголем квалитет, подобра услуга, повеќе гости, развој на туризмот и економијата, значат еколошките ознаки во хотелиерството што први ќе ги добијат „Гранит", Белведере", „Лебед" и „Фламенго" од Охрид.

Нивни претставници денеска во Стопанската комора на заменик министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски му ги предадоа своите апликации како завршна активност од проектот „Воведување еколошко означени туристички услуги", што го спроведува Регионалниот центар за животна средина за Централна

- Еколошките ознаки кои ги имаат скоро сите хотели во Европа и светот, се битни од два аспекта. Претставувуваат додадена вредност во однос на понудата што туристите ја препознаваат и поради тоа посетите и ноќевањата се зголемени, а воедно се и дел од брендирањето на хотелот. Од друга страна, значат потврда дека објектот работи согласно стандардите за заштита на животната средина - оптимално користење на енергијата, водата, загревањето,., рече Темелковски.

Еколошки ознаки засега нема ниту еден хотел во Македонија, но интерес за нивно добивање постои.

- Иницираме воведување еколошки ознаки по примерот на европските држави. Конкретно, го земавме предвид унгарскиот модел. Обезбедуваме и поддршка која се состои во тоа што првите хотели пријавени за ознаки, се ослободени од плаќање еколошкиот надомест, посочи заменик министерот.

Темелковски објасни дека ќе се формира комисија која ќе води сметка дали апликантите ги исполнуваат критериумите, односно ќе прави ревизија на се што е наведено во апликацијата. Можно е комисијата да побара и извесни корекции ако смета дека нешто не е правилно имплементирано.

- Исполнувањето на условите за добивање еколошка ознака воопшто не е трошок. Едноставно, се исполнуваат стандарди од повеќе аспекти - енергетска ефикасност, греење (на нафта или струја), се проверува дали хотелот постојано има топла вода во собите, дали го селектира отпадот што значи и подобра хигиена,... Се надеваме дека поради подобриот квалитет и гостите ќе бидат позадоволни и повторно ќе дојдат кај нас, изјави Ивана Василеска од хотелот Лебед".

Еколошките ознаки не се еднократни. Се ревидираат секоја година или секои три години што подразбира и дека може да бидат одземени. **мч/паг/15:44**

## еМагазин - *Први во Македонија: Хотелите “Белведере”, “Гранит”, “Лебед” и “Фламенго” ќе добијат еколошки ознаки*

Министерството за животна средина и просторно планирање ги доби првите четири формални пријави за здобивање со Еколошка ознака за туристичко сместување од охридските хотели: “Белведере”, “Гранит”, “Лебед” и “Фламенго”.

## Fox.mk - *Четири хотели од Охрид први ќе добијат еколошки ознаки*

Министерството за животна средина и просторно планирање ги доби првите четири формални пријави за здобивање со Еколошка ознака за туристичко сместување од охридските хотели: “Белведере”, “Гранит”, “Лебед” и “Фламенго”

## Денар - *Туристичките капацитети во Македонија ќе се здобиваат со еколошки ознаки за туристички услуги*

Министерството за животна средина и просторно планирање ги доби првите четири формални пријави за здобивање со Еколошка ознака за туристичко сместување од охридските хотели: “Белведере”, “Гранит”, “Лебед” и “Фламенго”.

## Телеграф - *Четири хотели во Охрид ќе добијат еколошки ознаки*

Претставници на хотелите на заменик министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски, му ги предадоа своите апликации како завршна активност од проектот „Воведување еколошко означени туристички услуги”, што го спроведува ...

## Точка - *Туристичките капацитети во Македонија ќе се здобиваат со еколошки ознаки за туристички услуги*

Министерството за животна средина и просторно планирање ги доби првите четири формални пријави за здобивање со Еколошка ознака за туристичко сместување од охридските хотели: "Белведере", "Гранит", "Лебед" и "Фламенго".

## Макфакс - *Туристичките капацитети во Македонија ќе се здобиваат со еколошки ознаки за туристички услуги*

Министерството за животна средина и просторно планирање ги доби првите четири формални пријави за здобивање со Еколошка ознака за туристичко сместување од охридските хотели: “Белведере”, “Гранит”, “Лебед” и “Фламенго”.

**undp.org - *UNDP Regional Director's visit focuses on employment, climate change and sustainable farming***

UNDP around the world ▾ Operations Research & Publications News Centre

UNDP in the former Yugoslav Republic of Macedonia

Our Work Millennium Development Goals About the Country Our Pe

Home > Press Center > Articles > 2015 > 04 > 22 >

Articles

Press Releases

Speeches

# UNDP Regional Director's visit focuses on employment, climate change and sustainable farming

22 Apr 2015




The United Nations Assistant Secretary-General and the United Nations Development Programme (UNDP) Regional Director for Europe and the Commonwealth of Independent States, Cihan Sultanoğlu, made an official visit to the country last week. During the three days she was here, Sultanoğlu participated in and supported the launch of several important events supported by UNDP and met with numerous representatives of national and local government.

First on Sultanoğlu's busy itinerary was the launch of a Regional Conference on Employment and Social Inclusion. This event brought together over 100 policy-makers, experts and development practitioners from Southeast Europe and Turkey to discuss how to solve the region's employment crisis and promote job-rich growth. Organized by UNDP and ILO with support from the Regional Cooperation Council under the title "Creating Jobs for Equity and Prosperity," the conference concluded with a broad commitment from all the participants to share their available resources and experiences in fighting unemployment throughout the region.

Next up were separate high-level meetings with the country's Minister of Foreign Affairs, Nikola Poposki, the Minister of Labour and Social Policy, Dime Spasov, the Minister of Local Self-Government, Lirim Shabani, and the Minister of Environment, Nurhan Izairi. These meetings provided an opportunity for the UN Assistant Secretary-General to meet with counterparts in areas where UNDP's activities are focused and to discuss present and future cooperation.

Sultanoğlu then went on to open the country's first Climate Camp—the final stage of a nationwide competition organized with UNDP support to encourage innovative solutions from the public for mitigating the effects of climate change. The ten finalists selected to take part in the Camp received expert assistance in further developing their ideas. The two best solutions selected at the end of the event, organized with support from the Swedish Embassy and USAID, will receive prizes of USD 10,000 to help turn their ideas into prototypes.

Sultanoğlu also travelled to the city of Tetovo for a meeting with the Mayor of the Municipality, Teuta Arifi. The meeting's agenda included discussions on a number of UNDP-backed projects aimed at promoting good governance and increasing social inclusion at local level. During her visit to Tetovo, the UN Assistant Secretary-General also took time to see the city's famous painted mosque.

Sultanoğlu's visit concluded with a one-day visit to see firsthand the important achievements of UNDP's project to restore the ecosystem of the Prespa Lake basin. Active for a decade, the project has received more than USD 15 million in support from the Global Environment Facility (GEF) and the Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC).

Here Sultanoğlu visited the new water monitoring station and the country's first-ever water monitoring boat, as well as the project's model orchard for promoting sustainable agricultural practices.

In the region's main town of Resen, the UN Assistant Secretary-General was shown one of the latest project results—a composting station for recycling organic waste.

Sultanoğlu's visit also included stops at the beautiful Church of St. Naum and the natural springs on the shores of Ohrid Lake, as well as a tour of the Ataturk Museum in the southern city of Bitola.

The three-day visit provided Sultanoğlu with an opportunity to meet with all the heads of UN agencies and also to visit with all UNDP staff at the new offices that the organization now occupies near Skopje's City Park.

In special recognition of their services to the country, the UN Assistant-Secretary General and UNDP Regional Director for Europe and the CIS presented awards to all those UNDP employees who have worked for the organization for more than ten years.

## Окно - [За секое исечено дрво, за загадувањето и уништената природа мора да одговараат конкретни луѓе]

# За секое исечено дрво, за загадувањето и уништената природа мора да одговараат конкретни луѓе

Став / Екологија
**Мирјана Најчевска**

23.04.2015
10:42



**ЗА СЕКОЕ ИСЕЧЕНО ДРВО, ЗА СЕКОЈА УНИШТЕНА РЕКА, ЗА ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ И ЗАГАДЕНАТА ВОДА, ЗА УНИШТЕНИТЕ ПЛАНИНИ, МОРА ДА ОДГОВАРААТ КОНКРЕТНИ ЛУЃЕ КОИ СЕГА СЕДАТ ВО МНОГУ КОНКРЕТНИ ФОТЕЛЈИ**

Според член 118 од Уставот на Република Македонија:

*Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.*

Тоа значи дека ратификуваните меѓународни договори се на повисоко ниво од националните закони и доколку законите или подзаконските акти се спротивни на истите, ќе се примени меѓународниот договор.

Македонија ја има ратификувано „Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина".

Според членот 1 од оваа конвенција: за да се придонесе кон заштита на правото на секој поединец од сегашните и идните генерации да живее во животна средина што е соодветна за неговото здравје и добросостојба, секоја држава ќе гарантира учество на јавноста во одлучувањето кај прашања поврзани со животната средина.

Според оваа конвенција, граѓаните треба да бидат информирани за сите активности кои ги презема власта, а кои се одразуваат на животната средина и да учествува на сите нивоа и во текот на целокупната процедура на одлучување за преземање на одредени активности кои се одразуваат на животната средина.

Граѓаните мора да имаат можност да дадат свои мислења, забелешки, идеи, анализи за конкретните прашања.

Граѓаните имаат право да учествуваат во изработката на сите планови и програми кои на каков било начин имаат влијание врз животната средина.

Граѓаните имаат право непосредно да учествуваат во изготвувањето на законите и на подзаконските акти како и на одлуките кои се однесуваат на животната средина.

Според оваа конвенција, граѓаните мора да имаат право на соодветна судска заштита (бесплатно или по многу ниска цена).

ДАЛИ КОЈ БИЛО ОД ВАС ОДЛУЧУВАШЕ ЗА СЕЧЕЊЕТО НА ДРВЈАТА, ЗА ГРАДЕЊЕТО НА ВОДНО, ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ДЕЈСТВИЈА КОИ ЈА СПРЕЧУВААТ ЦИРКУЛАЦИЈАТА НА ВОЗДУХ ВО ГРАДОВИТЕ, ЗА ДЕПОНИИТЕ, ЗА СОБИРАЊЕТО НА СМЕТОТ, ЗА ОТВОРАЊЕТО КАМЕНОЛОМИ НА СЕКОЈ ЧЕКОР, ЗА ИСКОПИТЕ ВО РЕКИТЕ, ЗА ПРОМЕНАТА НА БРЕГОТ НА ЕЗЕРАТА, ЗА ...?

АКО ОДГОВОРОТ Е НЕ, ТОА Е ВАШ ПРОБЛЕМ. ВЛАСТОДРЖЦИТЕ ГО КОРИСТАТ ВАШЕТО НЕЗНАЕЊЕ, И ВАШАТА ГЛУПОСТ И ВАШАТА ИНЕРТНОСТ И ЈА УНИШТУВААТ ВАШАТА И ИДНИНАТА НА ВАШИТЕ ДЕЦА.

Извор: kvadraturanakrugot.crnaovca.mk